Врз основа на член 50 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и член 30 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 7 октомври 2021 година, донесе

**Одлука**

**за отпочнување на постапка за одземање на лиценцата на МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, како носител на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија, му се налага најдоцна до 17 октомври 2021 година:
   - да подготви и достави до МЕМО ДООЕЛ Скопје како оператор на пазарот на електрична енергија, како и до АД МЕПСО Скопје како оператор на електропреносниот систем, физички распореди во кои треба да ги прикаже трансакциите од билатералните договори при што CPS да биде согласно потребите на потрошувачите кои што ги снабдува со електрична енергија;
   - да достави до МЕМО ДООЕЛ Скопје како оператор на пазарот на електрична енергија, копии од сите склучени билатерални договори за купопродажба на електрична енергија согласно Договорот за учество на пазарот;
   - ги исполни своите обврски кон потрошувачите во однос на сигурноста и обемот на снабдувањето и
   - ги плати набавените количини на електрична енергија, како и резервираниот капацитет и регулираните услуги од операторот на електропреносниот систем и/или операторите на електродистрибутивните системи, доколку против истите нема поднесено приговор односно нема постапка по приговор во тек.
2. За спроведените задолжувања од точката 1 на оваа одлука, Друштвото за производство, трговија и услуги МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, како носител на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија, да достави извештај до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, најдоцна до 18 октомври 2021 година.
3. Оваа одлука да се достави МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, АД МЕПСО Скопје и МЕМО ДООЕЛ Скопје.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „ Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ( во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) во текот на месец август 2021 година

доставен е допис од Операторот на електропреносниот систем, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во натамошниот текст: АД МЕПСО) бр. 09-4937 од 31.08.2021 година со кои не информираше дека МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ, Скопје континуирано ја намалува испораката на електричната енергија на своите потрошувачи и тоа почнувајќи од средината на месец август, односно не номинира согласно реалната дистрибутивна потрошувачка за која има преземено одговорност со договорите за снабдување.

Воедно со предметниот допис АД МЕПСО укажува дека при оперативното планирање на електроенергетскиот систем во доменот на прекугранични и внатрешни номинации има воочено неоправдано зголемено ангажирање на системски услуги, многу повеќе од вообичаеното, при што овие системски услуги се обезбедуваат од хидро акумулациите кои се на исклучително ниско ниво од само 28% и ќе бидат потребни за обезбедување на стабилност на системот, во претстојниот зимски период.

Покрај дописот кој е доставен од АД МЕПСО и операторот на пазарот на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје, достави по електронски пат укажување за несоодветни номинации за продажба на мало на електрична енергија со кое на МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ, Скопје му предочува дека номинациите кои ги испраќаат за продажба на енергија на мало (retail) во месец 08.2021 година не соодветствуваат со планот на испорака како и со бројот на компаниите кои ги снабдувал и нивната инсталирана моќност.

Регулаторна комисија за енергетика по однос на претходно наведените случувања одржа работен состанок на 27.08.2021 година со претставници од повеќе активни носители на лиценци за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија, при што беа разменети информации во врска со актуелните и очекуваните движења на пазарот на електрична енергија во државата и во регионот. Од страна на МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ, Скопје не беше присутен претставник кој мериторно би пренел информации по однос на фактичката ситуација во тековното работење на ова трговско друштво.

Регулаторна комисија за енергетика на 06.09.2021 година донесе Одлука за преземање на мерки за усогласување на работењето на МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје УП1 бр.12-168/21 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/21), врз основа на член 26 став (1) од Законот за енергетика*, а во врска со член 25 став (1) точка 2) и став (2) точки 2), 4) и 13) со која го задолжи МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје најдоцна до:

1. 07.09.2021г. да ја подготви и достави до МЕМО ДООЕЛ Скопје како оператор на пазарот на електрична енергија, како и до АД МЕПСО Скопје како оператор на електропреносниот систем, номинацијата за продажба на електрична енергија на мало, односно CPS да биде согласно бројот на компаниите и нивната инсталирана моќност
2. 07.09.2021г. да достави до МЕМО ДООЕЛ Скопје како оператор на пазарот на електрична енергија, копии од сите склучени билатерални договори за купопродажба на електрична енергија согласно Договорот за учество на пазарот
3. За спроведените задолжувања од точките 1 и 2 на оваа одлука, Друштвото за производство, трговија и услуги МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, како носител на лиценца

за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија, да достави извештај до Регулаторна комисија за енергетика, најдоцна до 09.09.2021 година.

Регулаторна комисија за енергетика со допис УП1 бр.12-162/21 од 16.09.2021 година побара од АД МЕПСО Скопје и МЕМО ДООЕЛ Скопје во рок од 5 дена да достават информација до Регулаторна комисија за енергетика дали МИСТ ЕНЕРЏИ Скопје постапил по точки 1 и 2 од претходно цитираната одлука, односно дали до АД МЕПСО Скопје и МЕМО ДООЕЛ Скопје доставил номинации, CPS согласно бројот на компании и нивната инсталирана моќност односно дали и кога до МЕМО ДООЕЛ Скопје доставил копии од склучените билатерални договори за купопродажба на електрична енергија согласно Договорите за учество на пазар.

- МЕМО ДООЕЛ Скопје со допис УП1 бр.12-162/21 од 22.09.2021 година извести дека учесникот на пазар МИСТ ЕНЕРЏИ достави до МЕМО ДООЕЛ Скопје листа на снабдувани компании за месец септември 2021 година со податоци за просечна дневна потрошувачка на снабдуваните компании каде номинацијата за испорака до потрошувачи во работен ден треба да е околу 75MWh, а во неработен ден околу 54MWh и дека со почеток од 01.09.2021 година не доставува номинации односно не номинира испорака на електрична енергија (CPS документи) до потрошувачи на мало. Исто така МИСТ ЕНЕРЏИ Скопје не постапил по точка 2 од одлуката на Регулаторна комисија за енергетика односно не доставил купопродажни договори.

- АД МЕПСО со допис УП1 бр.12-162/21 од 23.09.2021 година информираше дека во месец август 2021 година забележано е дека во одредени денови од страна на МИСТ ЕНЕРЏИ ДОО не се доставуваат номинации за дистрибутивните потрошувачи за кои има преземено обврска да ги снабдува со електрична енергија. Во септември 2021 година МИСТ ЕНЕРЏИ ДОО воопшто не доставува номинации. Сето ова укажува дека МИСТ ЕНЕРЏИ ДОО нема набавено електрична енергија и неговите потрошувачи се снабдуваат со користење на системските резерви. АД МЕПСО во дописот достави и табели со часовните планирани испораки на дистрибутивните потрошувачи на МИСТ ЕНЕРЏИ ДОО во последните два месеци.

Видно од доставените табели погоре Регулаторната комисија за енергетика констатираше дека во месец август 2021 година за деновите од 14 до 19 август 2021 година и за деновите од 25 до 28 август 2021 година планираната дистрибутивна потрошувачка на МИСТ ЕНЕРЏИ ДОО (MWh/h) за секој час од 24-те часови во денонокието е „0“. Во останатите денови од август 2021 година вкупната количина на номинациите за едно денонокие се движи од 50-90MWh/h, со исклучок на 31.08.2021 година кога изнесувала 25,2MWh/h. Во месец септември 2021 година за сите 30 денови од месецот планираната дистрибутивна потрошувачка на МИСТ ЕНЕРЏИ ДОО (MWh/h) за секој час од 24-те часови во денонокието е „0“. Ова претставува несомнен доказ дека МИСТ ЕНЕРЏИ ДОО не се придржува кон точка 1) од Одлуката за преземање на мерки за усогласување на работењето на МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје УП1 бр.12-168/21 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/21).

Покрај тоа што МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје не постапи по точки 1 и 2 од Одлуката за преземање на мерки за усогласување на работењето на МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје УП1 бр.12-168/21 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/21), МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје не постапи ниту по точка 3 од одлуката односно не достави извештај до Регулаторната комисија за енергетика за спроведените задолжувања од точките 1 и 2 на одлуката.

Регулаторна комисија за енергетика со Известување за постоење на причини за отпочнување на постапка за одземање на лиценца бр. УП1 12-168/21 од 23.09.2021 година, го извести МИСТ ЕНЕРЏИ Скопје дека не ја почитува во целост Одлуката на Регулаторна комисија за енергетика за преземање на мерки за усогласување на работењето на МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/21) односно друштвото:

- До 07.09.2021 година не доставил до МЕМО ДООЕЛ Скопје и до АД МЕПСО Скопје, номинација за продажба на електрична енергија на мало односно CPS согласно бројот на компаниите и нивната инсталирана моќност
- До 07.09.2021 година не доставил до МЕМО ДООЕЛ Скопје копии од сите склучени билатерални договори за купопродажба на електрична енергија согласно Договорот за учество на пазарот и
- До 09.09.2021 година не доставил извештај до Регулаторна комисија за енергетика

и затоа го задолжи, согласно член 50 став (2) од Законот за енергетика* во рок од 7 дена од добивање на предметното известување да се произнесе во врска со настанатите причини за отпочнување на постапка за одземање на лиценца. Известувањето беше испратено до МИСТ ЕНЕРЏИ Скопје, на 23.09.2021 година и по електронска и препорачана пошта, со тоа што до Регулаторната комисија за енергетика не е доставена повратница. Рокот за одговор сметано согласно доставата со електронската пошта беше до 30.09.2021 година.

На 27.09.2021 година и на 30.09.2021 година се одржа состанок во просториите на Регулаторната комисија за енергетика со снабдувачот на кои тој ги изложи проблемите со кои се соочува.

МИСТ ЕНЕРЏИ Скопје на 30.09.2021 година достави допис до Регулаторната комисија за енергетика УП1 бр.12-168/21 со кој информираше дека во текот на неделата остварил повеќе средби со Регулаторната комисија за енергетика и со АД МЕПСО Скопје и неговите заложби во моментот се насочени во наоѓање снабдувач од кој ќе се снабдува со електрична енергија за неговите потрошувачи, контактира со повеќе снабдувачи и искрено се надева дека во текот на наредната недела ќе ја надмине оваа ситуација и ќе започне со номинации за продажба на електрична енергија. Во постојани контакти е со АД МЕПСО Скопје со цел изнаоѓање на решение со кое ќе се надмине оваа кризна состојба, прави повеќе симулации и варијанти за изнаоѓање на целосно решение и излез од ситуацијата во текот на наредната недела и замолува за средба со Регулаторната комисија за енергетика во првата половина на следната недела како би ги презентирале и разгледале можните решенија. Однапред заблагодарува за разбирањето и соработката со Регулаторната комисија за енергетика и очекува позитивен одговор од Регулаторната комисија за енергетика и прекин на постапката за одземање на лиценцата на друштвото.

Регулаторната комисија за енергетика на 04.10.2021 година достави електронска порака до МЕМО ДООЕЛ Скопје и АД МЕПСО Скопје со кој побара со рок до крај на ден (04.10.2021г.) да ги достават следните информации:

- Номинации на потребите од електрична енергија на часовно ниво за период јуни – септември 2021 година,

- Долгови што ги имаат овие снабдувачи кон АД МЕПСО Скопје заклучно со последните доспеани фактури по основ на дебаланси (по месеци).

МЕМО ДООЕЛ Скопје и АД МЕПСО Скопје ги доставија бараните податоци на 04.10.2021 година и од истите е видно дека за месец јуни 2021 година вкупната количина на номинациите за едно деноноќие за МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје се движи од 52-87,3MWh/h без номинации „0“. Во август и септември податоците беа веќе претходно доставени до Регулаторната комисија за енергетика и изнесени погоре, а за октомври 2021 година планираната дистрибутивна потрошувачка на МИСТ ЕНЕРЏИ ДОО (MWh/h) за секој час од 24-те часови во деноноќието продолжува да биде „0“. Од доставените податоци исто така е видно дека МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје не платил 3 фактури кон АД МЕПСО кои доспеваат на 07.05.2021 година, 04.06.2021 година односно 02.09.2021 година.

Согласно член 96 став (2) од Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.179/19, 242/19, 49/20, 7/21 и 146/21) во физичките распореди што БОС ги доставува до ОЕПС и ОПЕЕ треба да се прикажат трансакциите од билатералните договори на сите членки на балансната група, одделно за електричната енергија што се внесува во точките на прием, односно продажбата на електрична енергија и електричната енергија што се презема во точките на испорака, односно купувањето на електрична енергија. Согласно став (5) од истиот член, секој доставен и хармонизиран физички распоред, се смета дека е заснован на потпишан билатерален договор. Согласно член 27 став (3) од Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.173/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 279/19) страните во билатералниот договор ги пријавуваат до ОПЕЕ сите склучени договори како и промени на договорите во тековниот месец, до 15-ти во наредниот месец, а согласно член 27 став (5) од истите, ОПЕЕ ја евидентира пријавата за билатералниот договор ако таа е во согласност со став (4) на овој член.

Регулаторна комисија за енергетика, имајќи во предвид дека ваквиот начин на работа претставува нарушување на конкуренцијата и фер однесувањето на пазарните учесници, а уште повеќе што со тоа се загрозува стабилноста на електроенергетскиот систем и повреда на обврските кои носителот на лиценца за снабдување со електрична енергија е должен да ги спроведува согласно член 100 став (5) точки 1), 9) и 10) од Законот за енергетика* и кои му се утврдени во издадената лиценца за снабдување, ја донесе оваа одлука со цел да се прекине со нефер и непазарното однесување на МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ, Скопје, како и да се прекине со користењето на системската енергија за комерцијални цели.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука МИСТ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ, Скопје има право да покрене управен спор во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**УП1 бр.12-168/21** **Претседател**

**7 октомври 2021 година** **на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**

**Скопје** **на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**